У-5 бр.1956/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ПРОМЕДИКА ДООЕЛ – Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-456/15 од 18.07.2019 година, од областа на јавните набавки, на седницата одржана на 31.03.2020 година донесе

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ПРОМЕДИКА ДООЕЛ – Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-456/15 од 18.07.2019 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.08-456/15 од 18.07.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата поднесена од сега тужителот ПРОМЕДИКА ДООЕЛ – Скопје, против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-334/30 од 24.06.2019 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.06/2019 за набавка на стоки – медицински помагала за лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце (електростимулатори, дефибрилатори, електроди, катетри и др.) на договорниот орган ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје, а со која одлука биле избрани најповолни понудувачи за конкретни делови од набавката.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека тужениот орган дал исти причини како образложение за отфрлањето на техничката и финансиската понуда за Деловите 34, 35 и 36 на тужителот, што е неосновано, односно дека понудата на тужителот не ги задоволува барањата наведени во техничката/тендерската документација. Истакна и дека евалуацијата на пристигнатите понуди била направена од нелегитимна комисија, од причина што ваква посебна комисија за евалуација на понудите не била формирана од страна на договорниот орган, а согласно точката 7 од Решението за формирање на стручна комисија за изготвување на техничка спецификација и минимални критериуми за реализација на набавката бр.05-334/2 од 11.02.2019 година. Понатаму наведе и дека договорниот орган со конкретната јавна набавка набавувал потрошен материјал за апарат кој сеуште не бил

набавен т.е. набавката спроведувана од Министерството за здравство за тој апарат, сеуште на била завршена. По однос на техничките спецификации за Деловите 35 и 36 истакна и дека дефинираните технички спецификации упатуваат на конкретно производство, односно трговска марка на Pentaray и Lasso во име на Janssen Pharmaceutica N.V. (BE), поради што во случајов договорниот орган бил должен во техничките спецификации да наведе „или еквивалентно“.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавни набавки и со Известување У-5.бр.1356/2019 од 26.02.2020 година го повика избраниот понудувач за Деловите 34, 35 и 36 – БЛУФАРМА ДОО – Скопје како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба, кое во својот одговор примен во Судот на 03.03.2020 година наведе дека тужбените наводи се неосновани, дополнувајќи дека Законот за јавни набавки не предвидува задолжително учество на надворешни стручни лица при евалуација на пристигнатите понуди, додека по однос на техничките спецификации наведе дека истите одговараат на спецификацијата на предметот на јавната набавка и согласно спецификациите на апаратот определен во постапката за доделување на договор за јавна набавка спроведена од страна на Министерството за здравство на Република Македонија во која е донесена Одлука за избор на најповолна понуда бр.20-2869/13 од 12.09.2019 година.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган ЈЗУ Универзитетска Клиника за кардиологија – Скопје спровел постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.06/2019 за набавка на стоки – медицински помагала за лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце (електростимулатори, дефибрилатори, електроди, катетри и др.), за што претходно била донесена Одлука за спроведување на јавна набавка бр.05-451/2 од 19.03.2019 година објавена на ЕСЈН. Набавката била делива на 42 дела и истата се спроведувала во електронска форма и било предвидено да заврши со спроведување на Е – Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена најниската цена, а од понудувачите било побарано да достават Изјава за независна понуда и Изјава за сериозност на понудата, како и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 10%. До крајниот рок за поднесување на понудите – 13.05.2019 година пристигнале вкупно 6 понуди, за што бил составен Записник од отварањето на понудите бр.05-334/25 од 15.05.2019 година, по што по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите Комисијата за јавни набавки при договорниот орган, прифатливите понуди ги поканила на закажаната Е – Аукција за што бил составен Извештај од спроведена постапка и Извештај за текот на е-аукцијата, по што Комисијата при договорниот орган дала предлог за избор на најповолна понуда за Деловите 2, 6, 8, 10, 14, 16, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41 и 42 да биде избрана понудата на економскиот оператор – БЛУФАРМА ДОО – Скопје, за Деловите 3, 13, 23, 24, 25, 26 и 33 да биде избрана понудата на економскиот оператор – СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДОО – Скопје и за Делот 9 да биде избрана понудата на економскиот

оператор МЕДИЈАТРЕЈД 94 ДООЕЛ – Скопје, кој предлог бил прифатен од одговорното лице и била донесена Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-334/30 од 24.06.2019 година.

Против оваа одлука, тужителот поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со Решение бр.08-456/15 од 18.07.2019 година ја одбила како неоснована, од причина што утврдила дека конкретната постапка за избор на најповолна понуда била спроведена согласно Законот за јавни набавки, односно содржината на Техничките спецификации за одделните делови од јавната набавка како дел од Тендерската документација не биле спротивни на наведениот закон, додеека по однос на евалуацијата на пристигнатите понуди било постапено согласно членот 140 став 7 од Законот за јавните набавки. Меѓу другото по однос на техничките спецификации за Деловите од 34 – 42 образложи и дека истите биле изготвени согласно карактеристиките на претходно набавен апарат преку Министерството за здравство, додека легитимноста на Комисијата за евалуација на техничките понуди бил заснована на интерен документ – Известување по одлука од УО под арх.бр.02-2337/18 од 03.12.2018 година според кое лицата вклучени во изготвување на техничките спецификации и минималните критериуми за реализација на набавката ќе и помагаат на Комисијата за јавни набавки при евалуација на понудите.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 3 став 1 точка 11 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/2007 ... 27/2016), тендерска документација е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата.

Согласно точките 18 и 24 од истиот член, понуда е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договорот за јавна набавка, додека прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Согласно членот 129 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно членот 140 став 8 в.в. став 7 од Законот за јавни набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка, така што неприфатливите понуди Комисијата нема да ги евалуира.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил жалбата на тужителот како неоснована, констатирајќи дека договорниот орган правилно ја спровел предметната постапка за избор на најповолна понуда.

Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека договорниот орган правилно и законито ја спровел конкретната постапка за избор на најповолна понуда, односно во конкретниот случај се избрани понуди кои се поднесени согласно утврдените услови и критериуми во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка, кои како дел од утврдените технички спецификации се во согласност со Законот за јавните набавки, притоа не упатувајќи на конкретно производство или трговска марка, додека пак евалуацијата е реализирана од страна на посебна комисија формирана со интерен акт на договорниот орган.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, односно без влијание врз конечниот резултат, а од причини наведени во образложението на одлуката.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 31.03.2020 година под У-5.бр.1356/2019

Записничар – раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на советот – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител / и
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

НК/